РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници (Сл.весник на Р.М. бр.199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18), Градоначалникот на општина Виница донесе:

Република Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр 04-722/12
01-08 2018 год.
ВИНИЦА

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по пат на интерен оглас

1. За извршител на работното место **Раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и локален економски развој во Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и локален економски развој**, се избира кандидатот **Киро Довичински**.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од став 1 на оваа Одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на одлуката.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 23.07.2018 година на интернет страницата на општина Виница и на Агенцијата за администрација е објавен интерен оглас бр.02/2018 за вработување на административни службеници во општина Виница.

Со Решение бр. 04 – 722/9 од 27.07.2018 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување, која ја спроведе постапката за селекција на кандидат за административен службеник.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник со ранг – листа од интервјуирани кандидати бр. 04-722/11 од 31.07.2018 година.

Врз основа на Записникот со ранг – листата од интервјуирани кандидати, за работното место **Раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и локален економски развој во Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и локален економски развој**, Градоначалникот на општина Виница изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се изјави Жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата на општина Виница.

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Архива
- Одд. за човечки ресурси
- Агенција за администрација

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Ивица Димитров